РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 04-1189/5
27.02 2026 год.
КРИВА ПАЛАНКА

5

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Врз основа на член 20-г од Закон за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 од Законот за работни односи односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 2 од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.242/2024), Општина Крива Паланка со единствен матичен број 5992958, единствен даночен број 4015005104833,објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА БРОЈ 01/2026**

За вработување на 2 (две) помошно-технички лица на неопределено време во Општина Крива Паланка за следните работни места:

1. **Возач на Градоначалникот**, шифра УПР 04 03 А02 001 во одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија при секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот во Општина Крива Паланка 1 (еден) извршител.

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:
- да е државјанин на Р.С. Македонија;
- да е полнолетен;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

**Посебни услови**

**Стручни квалификации** - За нивото А02 - да има завршено Средно гимназиско образование или средно стручно образование со стекнати 180/240 кредити според ЕЦВЕТ/МКСОО.

- положен возачки испит - возачка дозвола – Б категорија;



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

**Работно искуство** - 1 година работно искуство во струката во јавен или приватен сектор

**Распоред на работно време**

- Работни денови понеделник - петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

**Паричен нето износ на плата** за работно место под реден број 1 изнесува 29.816,00 Денари,

2. **Фотограф** шифра УПР 04 05 А02 016 во одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија при секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот во Општина Крива Паланка 1 (еден) извршител, на неопределно време.

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:

- да е државјанин на Р.С. Македонија;
- да е полнолетен;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

**Посебни услови**

**Стручни квалификации** - За нивото А02 - да има завршено Средно образование 180/240 кредити ЕЦВЕТ/МКСОО.

**Работно искуство** - со или без работно искуство;

**Распоред на работно време**

- Работни денови понеделник - петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

Паричен нето износ на плата за работно место под реден број 2 изнесува 28.414,00 Денари,

Рокот за достава на пријавата за вработување на кандидатите за јавниот оглас е **3 дена**, од денот на неговото објавување во дневните весници.

Заинтересираните кандидатите треба да достават Пријава, со прилог потребна документација, оригинал или заверена на нотар:

- Кратка биографија (CV);
- Документ за завршен степен на образование кое се бара за работното место (оригинал или заверен препис);
- Уверение за државјанство на РСМ,оргинал или заверен препис;
- Доказ за работното искуство Извод од историјатот на вработување од Агенцијата за вработување на Р.С. Македонија (оригинал или заверен на нотар);
- Лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност за работното место за кое се пријавува (оригинал или заверен на нотар) ,
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Пријавата, кандидатите може да ја преземат во електронска форма од веб страната на Општина Крива Паланка (http://www.krivapalanka.gov.mk)

Изборот ќе се изврши во зависност од пријавените кандидати и тоа доколку се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Кандидатите пополнетата пријава и комплетната документација со која се докажува исполнувањето на условите од јавниот оглас, треба да ја достават до архивата на Општина Крива Паланка на адреса ул. „Св. Јоаким Осоговски" бр.175 Крива Паланка 1330 Р.С. Македонија со назнака „за јавен оглас за вработување на помошно технички лица бр.01/2026 ".

При поднесување на пријавата лицето го наведува бројот на работно место за кое се пријавува.

Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци.

Постапката за селекција ќе биде спроведена во следните фази: административна селекција (проверка на комплетност на пријавата и доказите) и интервју.

Админинстративната селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување.

Пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

По спроведување на фазите од страна на комисијата се изготвува финална листа за секое различно работно место од јавниот оглас, која се доставува до Градоначалникот /Секретарот, кој врши избор во рок од 8 дена.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**